Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 357, 16 декември 2024 година

декември 2024 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ..... 3

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ ЗА СКРИПТА „ПРАКТИКУМ ПО ФИЗИОЛОГИЈА 2“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ЗОРАН ХАНЏИСКИ, ПРОФ. Д-Р ЕЛИ ХАНЏИСКА, АС. Д-Р АНА МАРИЈА ТАСЕВА И Д-Р СТЕФАН КОЦЕВ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ..... 9

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА УЧЕБНИК „ОДРЖЛИВОСТ И ДИГИТАЛИЗАЦИЈА ВО ТУРИСТИЧКАТА ДЕСТИНАЦИЈА И ХОТЕЛСКИОТ СЕКТОР” ОД ПРОФ. Д-Р ТАЊА АНГЕЛКОВА-ПЕТКОВА И ДОЦ. Д-Р ЦВЕТАНКА РИСТОВА-МАГЛОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ..... 13

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА УЧЕБНИК СО НАСЛОВ „КИНЕЗИТЕРАПИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА ВО ОРТОПЕДИЈА, ТРАУМАТОЛОГИЈА И ХИРУРГИЈА” ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р ТОШЕ КРСТЕВ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ..... 17

**ПРЕГЛЕД**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА** ..... 20

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА КАМПУС 2 И КАМПУС 3** ..... 21

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски дипл. инж.
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
ISSN: 1857- 8497

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-213/6 од 20.9.2024 год. донесена на 325. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 20.9.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област гинекологија и акушерство на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип:

- д-р Глигор Димитров, насловен вонреден професор, за наставно-научната област гинекологија и акушерство, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – претседател;
- д-р Зоранчо Петановски, насловен вонреден професор, за наставно-научната област гинекологија и акушерство, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член;
- д-р Корнелија Трајкова, насловен доцент за наставно-научната област гинекологија и акушерство, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 7.9.2024 година и во предвидениот рок се пријави: д-р Ирена Андонова, доктор на медицински науки од научната област гинекологија и акушерство, вработена во Клиничка болница „Жан Митрев“ во Скопје.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Ирена Андонова е родена на 11.12.1972 г. Основно и средното училиште завршува во Скопје, а со високо образование се стекнува на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Дипломира во 1997 година, со просечен успех 8.4, а во 1998 година го положува државниот испит. На Универзитетската клиника за кардиологија во Скопје волонтира во периодот од 1998 до 2000 година. Во 2000 година се вработува на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство во Скопје и истата година започнува со специјализација по гинекологија и акушерство на Медицинскиот факултет во Скопје, која ја завршува во 2005 година.

Во периодот 2011-2014 година работи во Општа болница Шибеник, Република Хрватска. Од 2014 г. до денес работи во Клиничка болница „Жан Митрев” - Скопје. Таму учествува во спроведување на мерките за добивање на сертификат „Joint Commission International”.

Во 2018 година ги завршува докторските студии, со просечен успех 8, со одбрана на докторска дисертација со наслов „Влијанието на нарушената орална флора и пародонтална болест кај мајката, врз некои акушерски исходи”.

**Наставно-образовна дејност**

Во 2002 година е избрана за помлад асистент по предметот Гинекологија и акушерство на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Медицински факултет, изведува вежби по Гинекологија и акушерство, на студенти по општа медицина и стоматологија. Била вклучена во едукацијата на специјализанти по Гинекологија и акушерство, како едукатор.

Од 2020 година е вклучена во едукацијата на студенти, медицински сестри и акушерки на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

***Научноистражувачка дејност***

Д-р Ирена Андонова има учество, и како модератор и предавач на конгреси, симпозиуми, работилници во земјава и во странство. Има објавено голем број апстракти во зборници на трудови од конгреси во земјава и во странство.

Има објавено вкупно 11 научни трудови во меѓународни научни списанија.

***Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес***

Д-р Ирена Андонова има реализирано повеќе стручни престои и едукации, меѓу кои:

- 2008 год. - Ian Donald Advanced Ultrasound School/ European School of Perinatal Medicine;
- 2009 год. - Колпоскопски курс - ЕСГО, Белград, Р. Србија;
- 2011 год. - Престој за Лапароскопска минимално инвазивна хирургија во гинекологијата - Клинички центар Љубљана, Р. Словенија;
- 2013 год. - Напреден ултразвук во гинекологија и акушерство, Универзитетски клинички центар, Сплит, Р. Хрватска;
- 2016 год. - Курс за фетална ехокардиографија, Феталан ехокардиографија – зошто? Варшава, Полска.

Активно е вклучена во голем број, конгреси, симпозиуми, работилници во земјава и во странство. Активно е вклучена во работата на Комисијата за едукација и наука при Клиничката болница „Жан Митрев” во Скопје. Активно е вклучена во процесот на акредитација и реакредитација JCI на Клиничката болница „Жан Митрев” – Скопје.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент***

- Д-р Ирена Андонова е доктор на медицински науки од областа гинекологија и акушерство. Има диплома за завршени докторски студии.
- Има сертификат за владеење со англиски јазик.
- Има препорака од двајца професори.
- Има остварен просечен успех на трет циклус докторски студии од 8, завршена специјализација по гинекологија и акушерство.
- Има доставено сепарати од сите нејзини научноистражувачки трудови во соодветната област (законски предуслов за избор во доцент се најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации).

Во овој извештај се евалуирани трудовите на д-р Ирена Андонова публикувани во последните пет години.

**Научните трудови со кои д-р Ирена Андонова ги исполнува законските критериуми за избор на звање доцент се:**

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Andonova Irena**, Iliev Vasil | Oral Anaerobic Microflora and Pregnancy Complication. | Open Access Maced J Med Sci. 2021 Feb 05; 9(B):1-5. | 2021 |
| 2 | **Andonova Irena**, Iliev Vasil, Mirchevski Jovan | Large ovarian endometrioma in 26- years old patient; | Macedonian Journal of Anaesthesia, Vol. 5 No 3, October 2021 | 2021 |
| 3 | **Andonova Irena**, Iliev Vasil | Maternal low-grade inflammation and adverse effect on pregnancy | Macedonian Journal of Anaesthesia Vol. 5 No 3, October 2021 | 2021 |
| 4 | **Andonova Irena**, Iliev Vasil, Tomova Elisaveta | Large paraovarian cyst in an adolescent- case report; | Medicus Vol · 26 (3) · 2021) | 2021 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р Ирена Андонова како помлад асистент на Катедрата по гинекологија и акушерство на Медицинскиот факултет во Скопје, УКИМ, била вклучена како едукатор во рамките на студентите по медицина, како и едукатор во рамките на специјализациите од областа гинекологија и акушерство на Медицинскиот факултет во Скопје, до 2015 година. Активно е вклучена во едукација на студентите од Медицинскиот факултет при УГД - Штип од 2020 г.

Од доставените биографски и библиографски податоци на д-р Ирена Андонова очигледно е дека таа учествувала активно во голем број обуки, работилници, конгреси и семинари од областа гинекологија и акушерство, одржани во и надвор од нашата земја. Притоа, д-р Ирена Андонова се стекнува со неопходно искуство за примена на здобиените практични знаења.

Д-р Ирена Андонова е искусен професионалец во својата област, со 20 години специјалистички стаж. Член е на медицински организации, во земјава и во странство.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Д-р Ирена Андонова е активно вклучена во стручно-апликативната работа на Одделението за гинекологија и акушерство во Клиничката болница „Жан Митрев“ -Скопје.

**<u>Листа на трудови и евалуација на трудовите за избор на д-р Ирена Андонова (публикувани во последните 5 години)</u>**

***Трудови со оригинални научни резултати објавени во меѓународни списанија:***

1. **Andonova Irena,** Iliev Vasil, Oral Anaerobic Microflora and Pregnancy Complication, Open Access Maced J Med Sci. 2021 Feb 05; 9(B):1-5.

Во оваа студија д-р Андонова укажува поткрепено со податоци од литературата дека бактериската вагиноза и пародонталните заболувања имаат слична патогенеза, имплицира дека инфекцијата на далечни места

од фетоплацентарната единица може да предизвика воспалителен одговор кај фетоплацентарната единица. Студијата анализира дали присуството на специфични орални анаеробни бактерии во субгингивалната бразда на мајката го зголемуваат ризикот од негативни акушерски исходи Вкупниот број на изолирани орални анаеробни бактерии бил статистички значително поголем во групата случаи во споредба со контролната група p <0,01. Во студијата, бремените жени кои биле позитивни на Porphyrmonas gingivalis 6,65 пати имале поголема веројатност да имаат предвремено породување во споредба со бремените жени со негативни орални брисови (95,0% CI: 1,38-32,11 / p <0,05) и за 2,79 пати поголема веројатност да има фетус со интраутерино ограничување на растот (95,0% CI: 1,10-7,91 / p <0,05). Студијата ја потврдува хипотезата за статистички значајна поврзаност помеѓу оралната анаеробна инфекција и негативните исходи на бременоста.

2. **Andonova Irena**, Iliev Vasil, Mirchevski Jovan, Large ovarian endometrioma in 26- years old patient; Macedonian Journal of Anaesthesia, Vol. 5 No 3, October 2021

Во овој труд е прикажан случај на екстремно голема ендометроидна циста кај 26-годишна пациентка, со минимално репортирана симптоматологија. Пациентката со редовен менструален циклус, без дисменореа, позитивна анамнеза - прогресивно зголемување на обемот на абдоменот. Компјутерска томографија на абдоменот и карлицата покажала голема абдоминална цистична маса приближно 400 × 254 mm која врши компресија на околните органи и серумското ниво на CA125 – 600 U/ml. Во текот на лапаротомијата се наишло на огромна циста со потекло од лева аднекса исполнета со чоколадна течност (11 кг тежина), додека десната аднекса со макроскопски нормален изглед, како и висцералниот перитонеум и цревата. Хистопатолошка дијагноза потврдила огромен оваријален ендометриом. Во период на следење од 24 месеци, останатиот десен овариум со уредна морфологија, Ca125 нивото во референтни вредности. Д-р Андонова прави анализа на случаите пријавени во литературата, прикажувајќи го овој случај како дијагностичка дилема – огромен ендометриом, кај млада пациентка што е исклучително ретко.

3. **Andonova Irena**, Iliev Vasil, Maternal low-grade inflammation and adverse effect on pregnancy, Macedonian Journal of Anaesthesia Vol. 5 No 3, October 2021

Во овој труд д-р Андонова го анализира хроничното воспаление на мајката како причина за лошите акушерски исходи, односно Ц-реактивен протеин (CRP) како маркер на инфекција и воспаление. Оваа студија анализира дали покаченото ниво на CRP во првиот и третиот триместар на бременоста влијаело на инциденцата на предвремено породување и ограничување на феталниот раст.

Нивоата на CRP во првиот триместар биле повисоки кај пациентки кои предвремено се породиле и кај пациенти со ограничување на феталниот раст во споредба со терминот породување. Зголемениот CRP во третиот триместар (Wald=4,58 / p<0,05 (p=0,03)) има најголемо влијание врз предвремено породување и раѓање на недоносени деца. Бремените жени со покачени вредностите на CRP за 7,76 пати (Exp (B)=7,76) во третиот триместар имале поголема веројатност предвремено да се породат, отколку бремените жени кои имале нормални вредности на CRP.

4. **Andonova Irena**, Iliev Vasil, Tomova Elisaveta, Large paraovarian cyst in an adolescent- case report; Medicus Vol · 26 (3) · 2021

Во овој труд д-р Андонова прикажува редок случај на голема параоваријална циста кај 18-годишна адолесцентна девојка. Околу 5 до 15% од сите аднексални тумори се од параоваријално потекло и најчесто се мали околу 20 до 40 mm, и најчесто се јавуваат во 3. или 4. деценија од животот. Големите параоваријални цисти се ретки лезии кои претставуваат дијагностички предизвик поради нивната огромна големина. Во овој труд е прикажан огромен цистичен тумор кој на магнетна резонанца на карлицата е со димензии 340x250x180 mm, достигнувајќи до субдијафрагмалниот простор, со работна дијагноза за цистаденом на левиот овариум. Во тек на лапаротомијата била направена евакуација на 7 литри серозна течност, а потоа била направена цистектомија. Хистолошкиот преглед открил голем параоваријален серозен цистаденом, без никакви знаци на дисплазија. Големата параоваријална циста е невообичаена во детството и адолесценцијата, понекогаш претставувајќи дијагностичка дилема.

***Трудови со оригинални научни резултати објавени во книга на апстракти од конгреси и семинари***

1. Ilev Vasil, **Andonova Irena** Use of heterologous synthetic materials in Urogynecology; XVI EUGA annual meeting 2023

Во оваа студија резултатите од 5-годишно следење на 80 жени со ТВТ-О поради стрес уринарна инконтиненција, покажа висок степен на излекување на симптомите, подобар квалитет на живот и многу мал ризик од компликации. Оваа метода е сигурна и ефикасна во третманот на стрес уринарната инконтинеција.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на анализата на приложените документи, како и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа д-р Ирена Андонова има голем придонес во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност.

Согласно со претходно изнесеното, како и во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно- научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да ја избере д-р сци. Ирена Андонова во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област гинекологија и акушерство на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Глигор Димитров, насловен вонреден професор, претседател, с.р.
Д-р Зоранчо Петановски, насловен вонреден професор, член, с.р.
Д-р Корнелија Трајкова, насловен доцент, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ
## Д-р Ирена Андонова

| Р.бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Р. бр.1 | Избор во звање помлад асистент | 10 | | | | |
| | ВКУПНО | 10 | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **вкупно** |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) ( 9/6/3)<br><br>**Труд под реден број 1, 2, 3 и 4 – прв автор (4 x 9)** | 4x9 | | | | **36** |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник со трудови на научен собир<br><br>**Труд под реден број 5** | 1x3 | | | | **3** |
| 10 | Одбранета докторска дисертација | 8 | | | | **8** |
| 11 | Одбранет постдокторски труд или одбранета специјализација | | 6 | | | **6** |
| 23 | Студиски престој во странство | 8 | | | | **8** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **61** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **во земјава** | | **во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **Поени** | **Вкупно** |
| 19 | Стручни награди и признанија | 4 | | | | **4** |
| 26 | Член на Комисија за наука и едукација КБ „Жан Митрев“ - Скопје | 1 x 3 | | | | **3** |
| 29 | JCI акредитација на КБ „Жан Митрев“ - Скопје | 1 x 2 | | | | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **9** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **80** | | | | |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ ЗА СКРИПТА „ПРАКТИКУМ ПО ФИЗИОЛОГИЈА 2“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ЗОРАН ХАНЏИСКИ, ПРОФ. Д-Р ЕЛИ ХАНЏИСКА, АС. Д-Р АНА МАРИЈА ТАСЕВА И Д-Р СТЕФАН КОЦЕВ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-253/21 од 252. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 21.10.2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- насл. проф. д-р Милка Клинчева, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- проф. д-р Мире Спасов, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„ПРАКТИУМ ПО ФИЗИОЛОГИЈА 2” од авторите проф. д-р Зоран Ханџиски, проф. д-р Ели Ханџиска, ас. д-р Ана Марија Тасева и д-р Стефан Коцев,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци**: Ракописот „**ПРАКТИКУМ ПО ФИЗИОЛОГИЈА 2“** од авторите проф. д-р Зоран Ханџиски, проф. д-р Ели Ханџиска, ас. д-р Ана Марија Тасева и д-р Стефан Коцев е наменет за задолжителниот предмет Физиологија 2 за студентите на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки, студиска програма Општа медицина и студиска програма Дентална медицина. Предметот според Наставната програма е предвиден да се слуша во четвртиот семестар за студентите на Општа медицина, во третиот семестар за студентите на Дентална медицина. Неделниот фонд на часови изнесува 3+3+1 и носи 7 кредити за студиската програма Општа медицина, 3+2+0 и носи 5 кредити за студентите на Дентална медицина. Приложениот ракопис е работен компјутерски, текстот е дополнет со 61 слика и 32 табели кои на многу практичен начин го дообјаснуваат и илустрираат материјалот поврзан со физиолошките процеси кај човекот по одредени органски системи.

Доставениот текст потполно е подготвен во согласност со пропишаната Наставна програма за горенаведените предмети и според барањата кои се поставуваат пред студентите во рамки на предметот, а се однесуваат на практична реализација на Наставната програма.

**Обем на ракописот**: Ракописот кој е приложен за рецензија е оформен на 141 страница, А4 формат, со фонт 11, работен е во Arial, со македонска поддршка. Текстот е солидно обработен со јасни прикази на сите физиолошки промени во организмот по органски системи. Внесени се 61 илустрации и 32 табели за дообјаснување на текстуалните описи. Обемот на ракописот потполно ги

задоволува потребите на предметот за којшто е наменет, бројот на часови со кој е застапен и соодветната Наставна програма. Истовремено одговара и на одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Овој ракопис претставува прв практикум по предметот Физиологија 2 за студентите на Општа медицина, кој е напишан и изработен од професори од Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Практикумот по Физиологија 2 е продолжение на практикумот по Физиологија 1 напишан од истите автори, користи ист стил на објаснување на физиолошките процеси во организмот.

**Краток опис на содржината:** Материјалот обработен во ракописот е презентиран на концизен и едноставен начин. Идејата за изработка на практикумот е оригинална во презентирањето на содржините, особено со користењето на лабораториските симулации (PhysioEx), како практични вежби или експеримент. На крајот од секое поглавје се наоѓа лабораториски квиз и дискусија, со кои студентите ќе си го проверат постигнатото знаење. Ракописот е систематизиран и логички поделен на пет поголеми дела (поглавја) и на крајот завршува со користената литература. Овие десет логични целини редоследно ја обработуваат практичната содржина по предметот Физиологија 2 за студентите од студиската програма Општа медицина, како и за студентите на Дентална медицина. Трудот е подготвен според стандардна методологија и обработува прашања кои се однесуваат на современите знаења во областа на специјалниот дел од физиологијата на човекот.

На почетокот е дадена содржината на ракописот, која е уредно презентирана, со јасно и логично обележување на поглавјата со наслови, а одделните делови во склоп на поглавјата како поднаслови на обработената содржина. Страниците обележани во делот *Содржина* се соодветни на ракописот.

Првото поглавје *Физиологија на бубрези* е поделено на две дела.

Во првиот дел е објаснет процесот на гломеруларна филтрација и факторите кои влијаат на него. Физиолошките процеси се објаснети преку шест експерименти. Пред секој експеримент се одредува целта на вежбата, а потоа се наоѓа краток и јасен вовед во вежбата, во кој теоретски се објаснува физиолошкиот процес. Шесте експерименти се дообјаснети со 11 слики. Резултатите од експериментите се внесуваат во работни табели (вкупно 6). Секоја симулација завршува со лабораториски квиз и дискусија.

Вториот дел од Физиологија на бубрези обработува две вежби, преку кои се објаснува процесот на бубрежна екскреција и со помош на практични вежби се испитува урината. Текстот е надополнет со една слика и четири табели.

Вториот дел од скриптата е посветен на објаснување на *ацидобазната рамнотежа во телото*. По воведниот дел следат четири лабораториски симулации (експеримент 7 до 10) за влијанието на респираторниот и бубрежниот систем во ацидобазната рамнотежа. На почетокот од секоја вежба има цел и вовед. Текстот е дообјаснет со пет соодветни илустрации и четири табели во кои се внесуваат резултатите од експериментите. По секоја симулација има лабораториски квиз и дискусија.

Во третото поглавје се опишува физиологијата на *гастроинтестиналниот тракт*. По краткиот вовед, објаснети се четири експерименти со помош на симулација. Вежбите опфаќаат проценка на дигестијата на јаглехидрати,

протеини и масти. Целиот текст е објаснет со четири илустрации кои корелираат со експериментите. На почетокот од секоја вежба има цел и вовед. По секоја симулација има квиз и дискусија.

Четвртото поглавје ја обработува физиологијата на *ендокриниот систем*. Првата вежба од ова поглавје го објаснува метаболизмот и дејството на тироидните хормони. По теоретско објаснување за метаболизам, хипоталамо-хипофизно-тироидна оска, започнува единаесеттиот експеримент кој е составен од четири дела. Во првиот дел се одредуваат стапките на базален метаболизам, во вториот дел од експериментот се одредува влијанието на тироксинот врз метаболната стапка. Третиот дел од 11 експеримент ги објаснува влијанијата на TSH врз метаболната стапка, додека во четвртиот дел се одредуваат влијанијата на пропилтиоурацилот врз метаболната стапка. Текстот е дополнет со три илустрации. Вежбата завршува со лабораториски квиз и дискусија за секој дел од вежбата одделно.

Втората вежба од четвртото поглавје го објаснува метаболизмот на јаглените хидрати, поточно гликозата во плазмата, инсулинот и дијабетес мелитус. По краток вовед и со помош на три илустрации, вежбата е поделена на два дела, прв дел: развивање стандардна крива на гликоза и втор дел: мерење на нивото на гликоза во плазмата на гладно. Вежбата завршува со квиз и дискусија.

Цел на третата вежба од четвртото поглавје е да се разберат поимите терапија за замена на хормони, да се разбере како нивото на естроген влијае на густината на коските и да се разберат потенцијалните придобивки од терапијата за замена на хормони. Текстот е дообјаснет со една илустрација, која го илустрира тринаесеттиот експеримент и една табела во која се внесуваат резултатите од експериментот.  Проверката на знаењето е преку квиз и дискусија.

Последната вежба од четвртото поглавје ги објаснува поимите кортизол, адренокортикотропен хормон. Четиринаесеттиот експеримент се користи за да се  измери нивото на кортизол и адрено кортикотропен хормон во крвта и да се поврзат овие вредности со симптоми и дијагнози. Текстот и вежбата се дообјаснети со две слики и три табели. Вежбата завршува со квиз и дискусија.

Последното и најобемно поглавје од практикумот *Физиологија на анализатори* го обработува сензорниот систем.

По вовед за рецептори, опишани се *механорецепторните сетила*. Првата вежба е наменета за испитување на соматски сензибилитет, кожен површен сензибилитет (допир). Поделена е на три дела каде што се опишуваат рецепторите, се испитува распоредот на точки за допир, како и минималното растојание на точките за допир. Следниот дел од вежбата го испитува  длабокиот сензибилитет. Цел на вежбата е да се испита осетот за положба, кинестезија, чувството за вибрација, палестезија. Третиот дел од истата вежба се занимава со испитување на кортикалниот сензибилитет.

Втората вежба од петтото поглавје ги одредува точките за топло и ладно. Вежбите кои следат ги објаснуваат *сетилата за вкус и мирис*. Текстот е дообјаснет со  пет илустрации соодветно распределени во текстот.

Следното темелно објаснето сетило е *сетилото за вид*. По детално објаснување на постапката периметрија и диоптриската способност на видот (миопија, презбиопија), наведени се вежбите. Првата вежба го опишува Мариотовиот експеримент, се мери ширината на видното поле (периметрија) и се одредува диоптријата на окото.  Во вториот дел од *сетилото за вид* се објаснува акомодацијата на окото, астигматизам, гледање во боја, набљудување на очното

дно (офталмоскопија). Теоретскиот дел е дополнет со вежби. Секоја вежба има различна цел: одредување на најдалечната и најблиска точка на јасен вид на двете точки, испитување на астигматизам, распознавање бои, набљудување на очно дно со офталмоскоп. Сетилото за вид е дообјаснето со вкупно 13 илустрации и една табела.

Следното опишано сетило е *сетилото за слух*. По теоретско објаснување за физиологијата на слухот, објаснети се вежби кои го испитуваат слухот, локализација на звучниот извор, одредување на коскено и воздушно спроведување на звучните бранови со тестовите на Weber, Rinne и Schwabach. Пет илустрации го дообјаснуваат текстот и вежбите.

Следното објаснето сетило е *сетилото за рамнотежа*. По објаснување на анатомијата и физиологијата на вестибуларниот апарат се испитуваат вестибулоспиналните рефлекси. Се испитува надразливоста на сетилото за рамнотежа со Бараниев стол, способноста за одржување на рамнотежата на телото - Ромбергов тест и тестот на Бабински. Осум слики го дообјаснуваат текстот и вежбите.

Со последното поглавје, овој ракопис добива една комплетна форма која има цел да ги комплетира знаењата на студентите од областа на физиологијата.

Во последниот дел е приложена *Користена литература*, која е современа, содржи 18 референци. Литературата му овозможува на читателот (студентот) да ги прошири своите знаења. Базичната литература се состои од повеќе цитирани книги и учебници кои претставуваат извор на информации кои се сублимирани во предложениот материјал на овој ракопис.

**ЗАКЛУЧОК**

Доставениот ракопис несомнено има добар наставен пристап кон проблематиката која ја обработува и врз основа на изнесеното може да се заклучи дека се работи за обемен и квалитетен труд кој е од посебен интерес за едукација од областа на физиологија. Совладаната содржина има потенцијал да ги подготви студентите за понатамошното изучување на физиологијата.

Трудот е работен според Наставната програма**,** комплетно и стручно е оформен и дава придонес во стручната литература со што реално се потенцираат очекувањата дека ќе одговори на својата намена. Ова е прв практикум по Физиологија 2 за студентите на Општа медицина и на Дентална медицина на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Овој практикум претставува соодветно продолжение на практикумот по Физиологија 1. Форматот ја задоволува комплетно реалната потреба од еден ваков учебник за овој предмет.

Ракописот во целост ги задоволува критериумите за практикум по задолжителниот предмет Физиологија 2 за студентите од студиските програми Општа медицина и Дентална медицина. Работен е според Наставната програма за споменатиот предмет, а воедно ги задоволува и условите од одредбите во Правилникот за издавање на учебници пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Проф. д-р Милка Клинчева, с.р.
Проф. д-р Мире Спасов, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА УЧЕБНИК „ОДРЖЛИВОСТ И ДИГИТАЛИЗАЦИЈА ВО ТУРИСТИЧКАТА ДЕСТИНАЦИЈА И ХОТЕЛСКИОТ СЕКТОР" ОД ПРОФ. Д-Р ТАЊА АНГЕЛКОВА-ПЕТКОВА И ДОЦ. Д-Р ЦВЕТАНКА РИСТОВА-МАГЛОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2102-214/11 од 320. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика, одржана на ден 5 декември 2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Дејан Методијески, редовен професор, Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип,
- д-р Оливер Филипоски, вонреден професор, Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот учебник „**ОДРЖЛИВОСТ И ДИГИТАЛИЗАЦИЈА ВО ТУРИСТИЧКАТА ДЕСТИНАЦИЈА И ХОТЕЛСКИОТ СЕКТОР**" од **авторите проф. д-р Тања Ангелкова-Петкова и доц. д-р Цветанка Ристова-Магловска,** наменет за студентите на втор циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Учебникот со наслов „Одржливост и дигитализација во туристичката дестинација и хотелскиот сектор" припаѓа во научната област управување со туристички простор и хотелиерство според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на учебникот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за учебникот:** Учебникот „Одржливост и дигитализација во туристичката дестинација и хотелскиот сектор" од проф. д-р Тања Ангелкова-Петкова и доц. д-р Цветанка Ристова-Магловска е наменет за потребите на студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип за подготвување на испитот по предметот Одржливост и дигитализација на туристичката дестинација. Содржината на учебникот ја опфаќа потребната материја за предавањата по предметот Одржливост и дигитализација на туристичката дестинација, според Наставната програма на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Овој изборен предмет се изучува во првиот семестар на прва година, како задолжителен предмет на насоката Меѓународен туризам кој носи шест кредити и има фонд на часови 2+2+1.

**Податоци за обемот на учебникот:** Содржината на учебникот е претставена во текст од вкупно 310 страници (А4 формат, фонт Arial, големина на буквите 11) поделени во 22 тематски целини распоредени во согласност со наставната програма на истоимениот предмет. Обемот и содржината на приложениот учебник се во согласност со критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според нашите сознанија, ваков учебник, по обем и содржина, којшто одговара на предвидената наставна програма по предметот Одржливост и дигитализација на туристичката дестинација на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип не е објавен.

**Краток опис на содржината:** Учебникот е напишан на лесен и разбирлив јазик. Текстот и целата содржина се конципирани во 22 тематски дела и литература.

Првото поглавје *Одржлив развој* го дефинирање поимот одржлив развој и притоа дава краток преглед на историскиот развој на одржливиот туризам. Поглавјето ги претставува целите на Обединетите нации за одржлив развој и туризам. Влијанието на одржливиот развој врз планетата Земја и туристичките дестинации, исто така, е елабориран.

Второто поглавје *Одржлив туризам* го дефинира одржливиот туризам со претставување на индексите на конкурентност во одржливиот туризам. Претставени се и засегнатите страни во рамките на одржливиот туризам. Поглавјето завршува со анализа на Агенда 21 и нејзиното значење за одржливиот туризам.

Третото поглавје *Одржлив туризам пред пандемијата КОВИД-19 и по пандемијата* дискутира за опција или решение за свет по пандемијата и значењето за туристичката индустрија.

Четвртото поглавје *Влијанието на одржлив туризам врз животната средина* ги претставува и анализира социо-културните и економските влијанија, влијанието врз растителниот и животински свет, како и несаканите ефекти од развојот на туризмот врз животната средина. Поглавјето образложува и мерки за заштита од можните негативни влијанија на туризмот врз животната средина.

Петтото поглавје *Влијанието на одржлив туризам врз туристичките дестинации* дискутира за облиците и индексите на конкурентност на туристичката дестинација, компаративните предности и синџирите на вредност на туристичката дестинација.

Шестото поглавје *Прекумерен или масовен туризам* ги претставува бројните последици од прекумерниот и неконтролиран развој на туризмот во одредени туристички дестинации.

Седмото поглавје *Трендови на одржлив туризам* ги забележува разновидните трендови кои го обележуваат глобалното движење на промената на туризмот кон одржлив, одговорен и планиран.

Осмото поглавје *Дигитализација: концепт, дефиниција, анализа, значење и можности* дискутира како преку анализа на концептот, дефинициите, импликациите и огромните можности може подобро да се разбере како дигитализацијата го обликува модерниот пејзаж и ги поттикнува иновациите во сè повеќе меѓусебно поврзан свет.

Деветтото поглавје *Дигитализација во туристичката дестинација* ги истражува повеќеслојните импликации на дигитализацијата врз туристичките дестинации, испитувајќи ги и придобивките и предизвиците што произлегуваат од оваа тековна трансформација.

Десеттото поглавје *Дигитализација во хотелскиот сектор* го истражува повеќеслојното влијание на дигитализацијата во хотелскиот сектор, обезбедувајќи увид во неговите придобивки и потенцијални недостатоци.

Единаесетто поглавје *Дигитализација и одржливост во туристичката дестинација и хотелскиот сектор* претставува како имплементацијата на иновативни дигитални решенија може да ги поддржи одржливите практики во туристичката дестинација и хотелскиот сектор, што на крајот ќе го поттикне економскиот раст додека го зачувува еколошкиот интегритет.

Дванаесеттото поглавје *Дигитализација и дигитални технологии: сумиран преглед на потенцијални предности и недостатоци за туристичките дестинации и хотелите* обезбедува сеопфатен преглед со примери за тоа како дигиталните технологии ја трансформираат туристичката дестинација и хотелскиот сектор.

Тринаесеттото поглавје *Дигитални услуги во туристичките дестинации и хотелите: клуч за конкурентност* дискутира со примери како напредните дигитални услуги може значително да ја зајакнат конкурентноста во туристичките и хотелските области, на крајот трансформирајќи го начинот на кој овие индустрии работат и и служат на својата клиентела.

Четиринаесеттото поглавје *Онлајн туристички агенции, платформи за резервации и системи за резервации* ги анализира развојот и употребата на овие платформи кои нудат *се во едно* решение, овозможувајќи им на корисниците да ги споредуваат цените, да пристапуваат до коментарите на корисниците и да резервираат сместување, летови и услуги за изнајмување.

Петнаесеттото поглавје *Мобилни апликации, чет-ботови за услуги и виртуелни асистенти* дискутира како овие иновации не само што ги рационализираат операциите, туку и обезбедуваат персонализирани услуги кои можат да одговорат на индивидуалните преференци и потреби.

Шеснаесеттото поглавје *Мобилни пријавувања и паметни соби* ги претставува наведените технолошки достигнувања не само како фактор што ги менува традиционалните процеси на работа, туку како промена која носи зголемена побарувачка за практичност и персонализирана услуга во денешниот свет со брзо темпо.

Седумнаесеттото поглавје *Инфраструктура на паметни туристички дестинации* ги претставува повеќеслојните компоненти на инфраструктурата за паметна туристичка дестинација, испитувајќи како тие ги револуционизираат искуствата од патувањето, промовираат економски раст и поттикнуваат одржлив развој во туристичката индустрија.

Осумнаесеттото поглавје *Виртуелна и зголемена реалност* истражува како овие дигитални технологии ги преобликуваат перцепциите и очекувањата на туристите и гостите, поттикнувајќи ги иновациите низ туристичката индустрија.

Деветнаесеттото поглавје *Енергетска ефикасност и намалување на отпадот* ги испитува различните дигитални решенија што се моментално достапни, нагласувајќи ја нивната ефикасност во промовирањето на енергетската ефикасност и минимизирањето на отпадот, што на крајот ќе придонесе за поодржливи туристички практики кои се усогласуваат со современите еколошки стандарди и очекувањата на туристите.

Дваесеттото поглавје *Одржливи практики на храна и пијалаци преку дигитализација* ја претставува дигитализацијата како критична алатка во оваа транзиција, олеснувајќи ја имплементацијата на одржливи практики за храна и пијалаци кои не само што го подобруваат искуството, туку и промовираат одговорна потрошувачка.

Дваесет и првото поглавје *Примери од пракса* претставува и анализира шест примери од пракса за развој на дигитализација и дигитални технологии во туристичкото работење и хотелскиот сектор. Анализираните примери ги вклучуваат Копенхаген, Барселона, Њујорк, Сеул, Костарика и Пекинг.

Дваесет и второто поглавје *Подготовка на работната сила за дигитална иднина* ги претставува акционите стратегии за образовните програми и заинтересираните страни во туристичката дестинација и хотелскиот сектор за ефективно да негуваат дигитално квалификувана работна сила способна да напредува среде овие брзи технолошки промени.

## ЗАКЛУЧОК

Учебникот „Одржливост и дигитализација во туристичката дестинација и хотелскиот сектор" претставува успешен обид на авторите да претстават научен материјал со висок квалитет во кој се дава можност за стекнување поширока знаења и разбирања за наставата по предметот Одржливост и дигитализација на туристичката дестинација на втор циклус студии. Содржините на наставните единици се стручно и научно обработени, напишани на јасен и разбирлив јазик, а интерпретацијата на истите е во контекст со современите приоди од областа. Учебникот од педагошки и научен аспект го поседува потребното соодветно ниво за студентите на втор циклус студии. Приложениот учебник во целост ги задоволува критериумите за учебник, како и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Оттука, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, учебникот „Одржливост и дигитализација во туристичката дестинација и хотелскиот сектор" од проф. д-р Тања Ангелкова-Петкова и доц. д-р Цветанка Ристова-Магловска да биде издаден како учебник за студенти на студиската програма Меѓународен туризам на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Д-р Дејан Методијески, редовен професор, с.р.
Д-р Оливер Филипоски, вонреден професор, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
# НА УЧЕБНИ К СО НАСЛОВ „КИНЕЗИТЕРАПИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА ВО ОРТОПЕДИЈА, ТРАУМАТОЛОГИЈА И ХИРУРГИЈА" ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р ТОШЕ КРСТЕВ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2002-280/16 од 329. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 15.11.2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Ленче Николовска, вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
- д-р Данче Василева, вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот учебник „**Кинезитерапија и рехабилитација во ортопедија, трауматологија и хирургија**" од **вон. проф. д-р Тоше Крстев,** наменет за студентите од студиската програма Физиотерапевти на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Ракописот со наслов „Кинезитерапија и рехабилитација во ортопедија, трауматологија и хирургија" припаѓа во научната област кинезиологија според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на учебникот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот со наслов **„Кинезитерапија и рехабилитација во ортопедија, трауматологија и хирургија"** од вон. проф. д-р Тоше Крстев е наменет за студентите од студиската програма Физиотерапевти на прв циклус студии. Учебникот е во согласност со планот и наставната програма за предметот Кинезитерапија и рехабилитација во ортопедија, трауматологија и хирургија, кој се слуша во трета година (V семестар), со неделен фонд од 3+4+0 часови, 7 кредити, како задолжителен предмет на студиската програма Физиотерапевти.

Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат знаења потребни за предметната содржина и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот на ракописот:** Содржината на учебникот е претставена во текст од вкупно 168 страници. Учебникот е пишуван во А4 формат со нормален единичен проред, употребен е фонт Arial и големина на буквите 11. Материјалот е подготвен во четири методски единици и подединици, распоредени во согласност со Наставната програма на истоимениот предмет.

Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на учебникот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Авторот на јасен, едноставен и достапен начин, со разбирлив стил на пишување сублимирано ја претставува материјата која се изучува во овој предмет како дел од физиотерапијата. Ова е прв ваков учебник што ги покрива овие теми и дава можност за теоретско и практично усвојување на материјата за овој предмет. Од особена важност е да се потенцира специфичниот пристап кон содржините со цел да се прикаже и потенцира потребата од правилно разбирање на состојбата и ограничувањата како предуслов за успешна рехабилитација.

**Краток опис на содржината:** Учебникот е напишан на лесен и разбирлив јазик. Текстот и целата содржина се конципирани во четири тематски дела и литература. Илустриран е со 34 слики.

Учебникот дава приказ на постапките и начините на кинезитерапија и рехабилитација кај најчести заболувања со силно изразено медико-социјално значење. Секоја од тематските единици претставува приказ на примената на кинезитерапијата кај различни ортопедски заболувања, трауматски и хируршки состојби.

Првата тематска единица е посветена на опис на основните одлики на кинезитерапијата и рехабилитацијата. Опфатени се правилата, принципите, задачите на физиотерапевтот при работа со овие болни, како и општите кинезитерапевтски цели и задачи. Во овој дел е прикажан начинот на визуелно, палпаторно и функционално тестирање и проценка на состојбата на пациентот. Опишани се најважните ограничувачки фактори како појавата на оток, контрактура и мускулна слабост и атрофија како придружници на секоја состојба на локомоторниот апарат, како тие се развиваат и како може да се надминат со соодветните кинезитерапевтски средства и методи.

Во втората тематска единица се разгледуваат постапките за кинезитерапија и рехабилитација кај најчестите трауматски состојби**.** Во овој дел авторот прави преглед на различните типови на трауматски повреди на локомоторниот апарат. Приказот е даден според видот и локализација, објаснети се клиничката слика, како и целите и задачите на кинезитерапијата. Даден е приказ преку примери за протоколи за разработка на кинезитерапевтски планови и програма. Обработени се повредите на зглобовите и околузглобните ткива, мускулите, тетивите и фрактури на коските. Прегледот на различните состојби е даден според локализацијата.

Третата тематска единица се разгледува примената на кинезитерапијата во ортопедијата. Овде се прикажани различни заболувања и состојби преку приказ на етиологијата, клиничката слика опциите за третман. Направен е детален преглед на најчестите телесни деформитети со опис на нивната природа, методи за дијагностика и мерење, како и примерни протоколи за терапија. Прегледот на различните состојби е направен според анатомските структури кои се засегнати при определено заболување и ги вклучува заболувањата на мускулите, околузглобните ткива, мускулите и коските Понатаму се прикажани различните воспалителни и дегенеративни заболувања на зглобовите со терапевтски постапки за најчестите од нив.

Четвртата тематска единица ја разгледува примената на кинезитерапијата кај најчестите хируршки состојби**.** Во почетокот е даден општ опис на кинезитерапијата и особеностите на примена во предоперативно и постоперативно. Објаснети се целите и задачите на кинезитерапијата во

различните периоди на рехабилитација, како и контраиндикациите за примена на кинезитерапија. Вклучените теми се од торакалната, абдоминалната хирургија, мастектомија, рани и ампутации. За секоја се објаснети карактеристиките на предоперативната и постоперативната состојба и особеностите на рехабилитација во секој од периодите. Дадениот приказ на темите ги вклучува средствата и методите на кинезитерапија кои се даваат со хронолошки приказ на состојбата и промените кои настапуваат. Ваквиот начин дава јасно објаснување за карактерот на ограничувањата на пациентот, како и постојано внимание за превенција од постоперативните компликации.

Учебникот со наслов „Кинезитерапија и рехабилитација во ортопедија, трауматологија и хирургија" на студентите им дава познавања за можностите за проценка на функционалната способност и точна дијагностика. Ова стои во основата на планирањето и спроведувањето на рехабилитацискиот процес.

Претставеното издание на учебникот ќе помогне во подготовката на физиотерапевтите по предметот Кинезитерапија и рехабилитација во ортопедија, трауматологија и хирургија и ќе придонесе за зголемување на нивните знаења и вештини за правилна проценка на состојбата на болните, карактерот на заболувањето и последиците и ограничувањата кои ги создава за организмот. Идентификување на нивната природа и разработка на план и програма за нивно надминување. Начините за дизајнирање на рехабилитацискиот процес и процедури осигуруваат оптимизација на употребените средства, подигање на ефективноста и истовремено намалување на ризиците за болниот. Посоодветната терапија го скратува лекувањето и ги минимизира можностите за компликации.

Учебникот „Кинезитерапија и рехабилитација во ортопедија, трауматологија и хирургија" може да им користи и на сите останати читатели кои се интересираат за примената на кинезитерапија кај најчестите заболувања и состојби.

**ЗАКЛУЧОК**

Учебникот „Кинезитерапија и рехабилитација во ортопедија, трауматологија и хирургија" од авторот вон. проф. д-р Тоше Крстев ги опфаќа сите содржини од теоретски и практичен аспект, според наставната програма и содржина по истоимениот предмет на студентите од прв циклус на студиската програма Физиотерапевти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Со издавање на овој учебник студентите ќе имаат можност да го изучуваат потребниот материјал за теоретска и практична настава во соодветен обем на македонски јазик. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебник, како и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на ФМН при УГД - Штип, ракописот „Кинезитерапија и рехабилитација во ортопедија, трауматологија и хирургија" од вон. проф. д-р Тоше Крстев да биде издаден како учебник за студенти на студиската програма Физиотерапевти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

Д-р Ленче Николовска, вонреден професор, с.р.
Д-р Данче Василева, вонреден професор, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| Билтен 16.12.2024 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА | 1. Влијанието на дигиталната иновација врз квалитетот и силата на брендот во глобалната и македонската туристичка и угостителска индустрија | 2102-214/10 од 5.12.2024 год. | Проф. д-р Наташа Митева | Мартин Цамбаски |
| ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ | 2. Ризиците и придобивките од воведување заедничка валута во економски хетерогени региони: Фокус на Еврозоната | 1202-122/10 од 11.12.2024 год. | Проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов | Драган Крстев |
| | 3. Влијание, управување и значење на времето во проектниот менаџмент | 1202-122/9 од 11.12.2024 год. | Проф. д-р Еленица Софијанова | Маре Стојановска |
| | 4. Ефективното лидерство како клучен фактор за успехот на една организација | 1202-122/8 од 11.12.2024 год. | Проф. д-р Елена Веселинова | Викторија Пејчиновска-Стоилковска |
| | 5. Современите трендови на банкарското работење и нивното влијание врз кредитирањето во РС Македонија | 1202-122/7 од 11.12.2024 год. | Проф. д-р Марија Гогова-Самоников | Симона Андова-Јовчев |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на прифатени теми за изработка на докторски трудови од Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2 и Кампус 3**

| | Број и датум на Одлука за прифаќање на темата | Назив на темата | | Име и презиме на ментори | Име и презиме на студент |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| ФПТН | 0206-865/2 од 28.11.2024 г. | „Дистрибуција на природен азбест во регионот Баја Гора и проценка на еколошкиот ризик врз животната средина“ | „Destribution of natural asbestos in the Baja gora region and its environmental risk assessment“ | Интерен ментор проф. д-р Блажо Боев, екстерен ментор проф. д-р Арианит Река | Бахри Синани |
| ФПТН | 0206-865/3 од 28.11.2024 г. | „Геолошко и геоинформатичко моделирање, статистичка и геостатичка распределба на некои ТЦЕ елементи во хоризонтите VIII, IX, X, XI во рудникот ’Трепча’“ | „Geological and geoinformatics modelling, statistical and geostatical distribution of the TCE elements in horizonts VIII, IX, X, XI in Trepca Mine“ | Интерен ментор проф. д-р Иван Боев, екстерен ментор проф. д-р Арианит Река | Берат Синани |
| ФМН | 0206-864/8 од 4.12.2024 г. | „Процена на влијанието на остеопорозата врз алвеоларната коска, како дел од парадонталниот комплекс“ | „Assessment of the impact of osteoporosis on the alveolar bone, as part of the peridontal complex” | Интерен ментор проф. д-р Ана Миновска, екстерен ментор проф. д-р Анета Атанасовска-Стојановска | Лумтурије Аслани |
| ФМН | 0206-864/9 од 4.12.2024 г. | „Интерцептивна ортодонција: важноста на основниот парадонтален преглед“ | “Interceptive Orthodontics: The Importance of a Basic Peridontal Examination” | Интерен ментор проф. д-р Ана Миновска, екстерен ментор проф. д-р Милаим Сејдини | Екрем Читаку |